Република Северна Македонија

Министерство за култура

# КОНЦЕРТ

# “ФЛЕЈТА ШТО ПЕЕ”

НА

**БИЛЈАНА КАМЧЕВА**
(СОПРАН / ФЛЕЈТА)

И

**АНА ГАЦЕВА**
(ПИЈАНО)

Концертна сала
**ДМУЦ Сергеј Михајлов- Штип**
почеток: **18:00 h**
**24.9.2020**

## Програма

- Ј. Андреевска: Спокој
  (глас и пијано)
- Д. Андовска: Молитва
  (глас и пијано)
- Ph. Gaubert: Nocturne et Allegro Scherzando (флејта и пијано)
- Т. Зографски: Сuита (пијано)
- А. Пандевска: Три пиеси за флејта (флејта)
- В. Велковска Трајановска: Планети - Венера (флејта и пијано)
- G. Bizet/F. Borne: Fantaisie brillante sur "Carmen" (флејта и пијано)

**Концертот е поддржан од Министерство за култура на Р.С.Македонија**

**ДМУЦ Сергеј Михајлов- Штип**
**Бутик Ламас**

**Билјана Камчева** своето музичко образование го започнува во Кавадарци, во класата на проф. С. Чулева Атанасова. Во 2006 год добива признание од градоначалникот на Кавадарци, за посебното залагање и афирмација на градот во државни и меѓународни рамки. Дипломира како студент на својата генерација (2015) и магистрира (2017) на ФМУ-Скопје, во класата на проф. С. Темков со кого постигнува значајни резултати на државните и меѓународни натпревари, осум меѓународни и две државни награди. Ректорот на УКИМ во 2015 год. и доделува пофалница за постигнат најдобар успех во студирањето. Паралелно со студиите на одделот флејта, студира и на студиската програма за соло пеење во класата на проф. М. Наумовска и дипломира во 2016 година. Во 2015 год ја добива и стипендијата „Петар Стаматов" која ја доделува УКИМ на своите најуспешни студенти. Заради постигнатите значајни резултати, фондацијата "Pre art" од Швајцарија и подарува професионална флејта "Yamaha". На сцената на НОБ дебатира во 2016 година со улогата на Јенте во мјузиклот „Свирач на покрив". Како концертен солист со оркестарот на НОБ настапувала во 2014 и 2016 година. Во 2019 год, дебитираше во барокната опера "Дидо и Енеј" од Х.Персел, во улогата на втората вештерка.Била дел од семинари и мастер часови со: Љубиша Јовановиќ, Миомир Симоновиќ, Лаура Леваи Аскин, Дејан Гавриќ, Ева Марија Тонеман, Борис Превишиќ, Тарик Бари, Јурит Таминга, Хуго Верфеј, Игор Дурловски, Каролина Шантл Зупан, Емануел Пауд, Николета Конти, Петер Данаилов, Генко Гучев... Во ноември, 2019 година, Билјана Камчева ја освојува втората награда на Меѓународниот натпревар Балканска Романсијада, кој се одржа во Софија, Бугарија. По натпреварот, доби покана да настапи на концертот "Ѕвезди на руска романса", во Кремељскиот Дворец, во Москва, како претставник на Македонија. Камчева е една од ретките музичари од Македонија која настапила на нивна покана, на најголемата сцена во Русија, на концерт со руска музика под покровителство на рускиот претседател. На концертот настапи заедно со рускиот тенор и флејтист Алексеј Кудрја, придружувани од кооперативниот бољшој оркестар, под диригентската палка на Дмитри Дмитриенко.Во март 2020 во Софија, Камчева настапи со оркестарот Симфониета Враца од Бугарија под диригентската палка на Николета Конти (Болоња, Италија). Активно настапува на концерти на фестивалите: ДММ; Охридско лето; Скопско лето; Есенски музички свечености; како солист со Македонска Филхармонија; НОБ (2008, 2014,2016) со камерниот оркестар Солисти на ФМУ; со Симфонискиот оркестар на ФМУ - Скопје, била дел од оркестарот F.A.M.E.'s-Film and music recording company како и од Ревискиот Оркестар при Македонската Телевизија, настапила на сцените во Москва, Рим, Фиренца, Софија, Белград, Приштина...
М-р Билјана Камчева е вработена на позицијата хорист во Националната опера и балет, член е на Дувачкиот Оркестар на град Скопје како прва флејта и е член е на Хорот „Св. Климент

Есенски музички свечености; како солист со Македонска Филхармонија; НОБ (2008, 2014,2016) со камерниот оркестар Солисти на ФМУ; со Симфонискиот оркестар на ФМУ - Скопје, била дел од оркестарот F.A.M.E.'s-Film and music recording company како и од Ревискиот Оркестар при Македонската Телевизија, настапила на сцените во Москва, Рим, Фиренца, Софија, Белград, Приштина...М-р Билјана Камчева е вработена на позицијата хорист во Националната опера и балет, член е на Дувачкиот Оркестар на град Скопје како прва флејта и е член е на Хорот „Св.
Климент Охридски".

**Пијанистката Ана Гацева** работи како редовен професор по пијано на Факултетот за музичка уметност во Скопје. Дипломирала пијано на ФМУ во Скопје како најдобар студент на генерацијата на Универзитетот Св.Кирил и Методиј и магистрирала со признанието cum laude во класата на проф. С. Слејанска. Паралелно, дипломирала и магистрирала пијано и камерна музика на светски реномираната музичка академија Ecole Normale Superieure de Paris Alfred Cortot во класите на проф. Р.Јаса и Ш. Дебуши, стекнувајќи се со највисоката диплома за пијано-концертист. Во текот на својот тригодишен престој во Париз, Гацева е ангажирана како соработник на Академијата и е стипендист на Академијата и на француската влада. Таа остварува и долгогодишна соработка со проф. Моник Дешосе, наследник на пијанистичката школа на Алфред Корто. Докторската дисертација по пијано интерпретација ја одбранила под менторство на проф. Емеритус С. Јанг од Тринити Колеџот од Лондон и проф. Д. Бужаровски од ФМУ Скопје. Истата година, Гацева ја издава книгата „Пијанистички техники во концерти на композитори-изведувачи од светската музичка сцена". Патот на усовршувањето ја води и на светски познатата „Моцартеум Академија" која ја завршила во класата на проф. Дел Вињ, како нејзин најмлад учесник и стипендист. Во 2005 година, како добитник на Темпус Грант, престојувала на Тринити Колеџот во Лондон. Ана Гацева, со својата богата концертна дејност, виртуозност и маркантна индивидуалност, се издвојува како една од најуспешните солисти во својата земја. Соработувала со врвни пијанисти и педагози, како Моник Дешосе, Жан Клод Пентје, Милена Молова, Александар Штаркман, Жени Захариева итн.

Таа е добитник на повеќе високи државни и меѓународни награди. По покана на угледни сали и институции, Гацева концертирала во Франција, Германија, Австрија, Украина, Соединетите Американски Држави, Холандија, Словенија, Бугарија, Швајцарија, Белорусија, Романија, Хрватска, Црна Гора, Србија итн. Ана Гацева е чест солист со Македонската Фолхармонија, Младинскиот Интернационален Камерен Оркестар, Оркестарот за современа музика „Света Софија“, Рускиот Академски Камерен Оркестар, Битолскиот камерен оркестар. Гостувала на реномираните меѓународни фестивали: Охридско лето, L'art pour laar, Минска пролет, Les concerts de Midi&Demi, Noordenbergconcert, Kamermuziek "DE HOOP", Киевски музички фестивал, Meridian Festival Bucharest, Museum De Buiten Plaats, Загребски летен фестивал, Пирански музички вечери, Фестивал Барски љетопис, Фестивал Еспресиво- Цетиње, Фестивал Нимус, Фестивал Ледамус, Денови на македонска музика, Штипско лето, Макарски летен фестивал, Летен фестивал во Омиш, Љубљански композиторски форум, Хварски летни приредби итн.итн. Реализирала бројни снимки за Македонска Телевизија, како и снимки за Радио Скопје, Радио и Телевизија Загреб, Радио Љубљана. По покана, одржала бројни семинари и била член на жирија на натпревари по пијано интерпретација во својата земја и надвор од неа. Ментор е на голем број на студенти на додипломкси, постдипломски и докторски студии на ФМУ. Репертоарот на Гацева вклучува дела на автори од сите музички епохи, како и дела на македонски композитори, кои таа активно ги промовира во земјата и надвор од неа. Во 2012 година таа е добитник на високата награда „Георги Божиков“ за најдобар музички изведувач, која ја доделува Сојузот на композиторите на Македонија. Ана Гацева е член на Сојузот на музичките уметници на Македонија, член на Управниот одбор на Сојузот на музичките уметници на Македонија, а била член и на Управниот одбор на Македонската Филхармонија и Управниот одбор на Културно-информативниот центар во Скопје.



